МЕСТО ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС
ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

ЗОНА 3 МАЏАРИ КАЈ МЕРЦЕДЕС

# # 3.1 **НОВА** РЕЗИДЕНТНА НАСЕЛБА МАЏАРИ

СЛИКА - АРХИВА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



**Издадено од:**
Општина Гази Баба Скопје
www.investinmgbskopje.com
contact@gazibaba.gov.mk

INVESTMGB
Municipality of Gazi Baba - Skopje, Macedonia

# #3.1 **НОВА** РЕЗИДЕНТНА НАСЕЛБА - МАЏАРИ
## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
## НОВА РЕЗИДЕНТНА НАСЕЛБА
41°59'35.6"N 21°28'35.5"E

БУЛ. КИРО ГЛИГОРОВ - КОН БУЛ. СРБИЈА

ПЕРИФЕРНА ЗОНА

### Тип на проект

Новата резидентна населба - Маџари, до автосалонот Мерцедес, преку детален урбанистички план и проектна конверзија на урбани намени претставува А2 – градежно земјиште од 2ha, за урбани намени Б1 & Б2 – градежно земјиште од 2,18 ha, за урбани цели од В2 – градежно земјиште од 0,218 ha, за урбани намени од Б1 – градежно земјиште од 0,23 ha, за урбани намени од Д2 – површина со заштитено зеленило од 0,216 ha, за урбани намени Е1- градежно земјиште од 2ha, и за линија центри – градежно земјиште од 0.726 ха. Во прилог на новата станбена населба, проектот предвидува и компатибилни намени, преку реализација на мал бизнис и трговски објекти, големи трговски центри, големи угостителските објекти, деловни простории, здравствена и социјална заштита, култура и државни институции, како и објекти за спорт и рекреација, станбено и колективно домување.

### Опис

Проектот се наоѓа во близина на авто салонот на Мерцедес, до булеварот Киро Глигоров, во близина на приватниот универзитет ФОН, во урбана зона 3, на градежно земјиште од 7,43 ha. Локацијата е оддалечена само 5 km од строгиот центар на градот, а е во близина на станбените зони Јане Сандански и Ново Лисиче во Општина Аеродром. Локацијата нуди можност за модернизирање на тој сегмент од општината преку организиран модел за домување, како комбинација на индивидуално и колективно домување, со сите планирани есенцијални делови - здравство, градинка, основно образование, како и мали комерцијални објекти, големи трговски единици и угостителски објекти. Во близина на оваа локација се наоѓаат станбените и образовни објекти - Супер Тинекс, Бриколаж, Нептун, Универзитетот ФОН, авто салон Мерцедес, кои даваат дополнителна вредност на овој проект. Оваа локација има одличен и брз пристап преку бул. Киро Глигоров, бул. Србија, бул. Александар Велики и бул. АСНОМ до сите делови на градот Скопје, како и брза врска со новиот аеродром Александар Велики и железничката мрежа.

### Стратегија за имплементација

Ќе биде понуден на пазарот на недвижности преку системот на електронско наддавање на државно градежно земјиште.

### Достапност на јавен превоз

Градските автобуски линии 13, 42, 3.

### Сопственост

Република Македонија и приватна сопственост.

# ЗОНА 3

| | |
|---|---|
| Површина | 7,43 ха |
| Оддалеченост од центарот на Скопје | 7 км |
| Оддалеченост од железничка станица | 6 км |
| Оддалеченост од аеродром | 14 км |
| Резидентно домување | 2,0 ха |
| Големи трговски единици, Мал бизнис и | |
| Комерцијални објекти | 2,18 ха |
| Комунална инфраструктура | 2,0 ха |

Пазар на недвижност – Зона # 3

Есен - 2015

| | | |
|---|---|---|
| Канцеларии | Цени (€/м2) | 1700 |
| | Закуп (€/м2/год.) | 120 |
| Дуќани | Цени (€/м2) | 1900 |
| | Закуп (€/м2./год.) | 144 |
| Живеалишта | Цени (€/м2) | 950 |
| | Закуп (€/м2/год.) | 48 |




- Урбана легенда на зоната:

А - Бул.Киро Глигоров
В - Бизнис и трговски центар
С - Бул.Киро Глигоров

БУЛ.КИРО ГЛИГОРОВ




БИЗНИС И ТРГОВСКИ ЦЕНТАР




ЛОКАЦИЈА - ЗОНА




БУЛ.КИРО ГЛИГОРОВ

